# ЗАПИСНИК

## од третата седница на Управниот одбор на ЗЕЛС

Скопје, 26 декември, 2017 г.

**ЗАПИСНИК**
од 3-тата седница на Управниот одбор на ЗЕЛС
Скопје, 26 декември, 2017 г.

**Присутни**: **Петре Шилегов**, претседател на ЗЕЛС и градоначалник на Град Скопје, **Висар Ганиу,** градоначалник на општина Чаир и потпретседател на ЗЕЛС, **Максим Димитриевски,** градоначалник на општина Куманово, **Фатмир Дехари**, градоначалник на општина Кичево, **Наташа Петровска,** градоначалник на општина Битола, **Аце Коцевски**, градоначалник на општина Велес, **Јован Стојаноски**, градоначалник на општина Охрид, **Медат Куртовски**, градоначалник на општина Маврово-Ростуше, **Миликије Халими**, градоначалник на општина Арачиново, **Коста Јаневски**, градоначалник на општина Струмица, **Саша Богдановиќ**, градоначалник на општина Центар, **Сашо Поцков,** градоначалник на општина Гевгелија, **Насир Муслиу,** претседател на Совет на општина Гостивар, и **Тони Бојковски**, претседател на совет на општина Гази Баба.

Членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС го усвоија и расправаа по следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Избор на членови на ЗЕЛС во тела и органи и тоа:

    1. Делегати во Советот на Европа, 3 членови - делегати и 3 заменици.
    2. Заеднички консултативен комитет помеѓу Комитетот на Регионите на Европската Унија и ЗЕЛС - 11 членови и 11 заменици
    3. Делегати во Генералното Собрание на НАЛАС, 2 члена - делагати.
    4. Членови во Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините, 5 члена
    5. Комитет за градежно земјиште сопственост на Република Македонија, 3 члена од редот на градоначалниците во Републиката.
    6. Национален Совет за евроинтеграции при Собранието на Република Македонија, 1 претставник.
    7. Комитет за следење на ИПАРД-2 Програмата, 1 член
    8. Совет за земјоделство и рурален развој – 1 член
    9. Комисија за одобрување на набавка на противпожарна опрема и средства за гаснење на пожари за противпожарните единици – 2 члена
    10. Совет за статистика на Република Македонија при Државен завод за статистика, 2 члена.

2. Усвојување на СИСТЕМАТИЗИРАНИ СТАВОВИ на ЗЕЛС.

3. Разно

ПРВА ТОЧКА: Членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС ги избраа следните претставници во тела и органи:

1. **Делегати во Советот на Европа, 3 членови - делегати и 3 заменици.**

**<u>Членови</u>**:

1. Теута Арифи – Градоначалничка на општина Тетово
2. Наташа Петровска – Градоначалничка на општина Битола
3. Коста Јаневски – Градоначалник на општина Струмица

**<u>Заменици:</u>**

1. Митко Јанчев, Градоначалник на општина Кавадарци
2. Арбен Таравари, Градоначалник на општина Гостивар
3. Јован Стојаноски, Градоначалник на општина Охрид

2. **Заеднички консултативен комитет помеѓу Комитетот на Регионите на Европската Унија и ЗЕЛС - 11 членови и 11 заменици**

**<u>Членови:</u>**

1. Максим Димитриевски, Градоначалник на општина Куманово
2. Сашо Поцков, Градоначалник на општина Гевгелија
3. Аце Коцевски, Градоначалник на општина Велес
4. Благој Бочварски, Градоначалник на општина Штип
5. Ружди Љата, Градоначалник на општина Дебар
6. Миликије Халими, Градоначалничка на општина Арачиново
7. Борис Георгиевски, Градоначалник на општина Гази Баба
8. Фатмир Дехари, Градоначалник на општина Кичево
9. Билјана Секуловска Габер - Советник од Град Скопје
10. Сашо Велковски, Градоначалник на општина Свети Николе
11. Рамиз Мерко, Градоначалник на општина Струга

**Заменици**

1. Стефан Богоев, Градоначалник на општина Карпош
2. Блерим Беџети, Градоначалник на општина Сарај
3. Азем Садики, Градоначалник на општина Студеничани
4. Перо Костадинов, Градоначалник на општина Валандово
5. Живко Гошаревски, Градоначалник на општина Ресен
6. Марјан Јанев, Градоначалник на општина Василево

7. Илија Јованоски, Градоначалник на општина  Прилеп
8. Борјанчо Мицевски, Градоначалник на општина  Крива Паланка
9. Жаклина Јовановска, Градоначалничка на општина  Старо Нагоричане
10. Соња Стаменкова, Градоначалник на општина  Македонска Каменица
11. Медат Куртовски,  Градоначалник на општина  Маврово Ростуше

**3. Делегати во Генералното Собрание на НАЛАС, 2 члена - делагати.**

1. Петре Шилегов -Градоначалник на Град Скопје
2. Висар Ганиу - Градоначалник на општина  Чаир
3. Митко Јанчев – Градоначалник на општина Кавадарци

**4. Членови во Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините, 5 члена**

1. Аце Коцевски- Градоначалник на општина   Велес
2. Блерим Беџети - Градоначалник на општина   Сарај
3. Николчо Илијев - Градоначалник на општина  Кочани
4. Жика Стојановски - Градоначалник на општина  Илинден
5. Сашо Поцков - Градоначалник на општина  Гевгелија

**5.Комитет за градежно земјиште сопственост на Република Македонија, 3 члена од редот на градоначалниците во Републиката.**

1. Саша Богдановиќ- Градоначалник на општина Центар
2. Борче Митевски - Градоначалник на општина Петровец
3. Висар Ганиу - Градоначалник на општина Чаир

**6. Национален Совет за евроинтеграции при Собранието на Република Македонија, 1 претставник.**

1. Златко Марин - Градоначалник на општина Аеродром

**7. Комитет за следење на ИПАРД-2 Програмата, 1 член**

1. Зоран Зимбаков - Градоначалник на општина Босилово

8. **Совет за земјоделство и рурален развој – 1 член**

    1. Јасмина Гулевска -Градоначалник на општина Могила

9. **Комисија за одобрување на набавка на противпожарна опрема и средства за гаснење на пожари за противпожарните единици – 2 члена**

1. Илија Јованоски - Градоначалник на општина Прилеп
2. Рамиз Мерко - Градоначалник на општина Струга

10. **Совет за статистика на Република Македонија при Државен завод за статистика, 2 члена.**

1. Горан Трајковски - Градоначалник на општина Делчево
2. Тони Делков- Градоначалник на општина Неготино

ВТОРА ТОЧКА: Усвојување на СИСТЕМАТИЗИРАНИ СТАВОВИ на ЗЕЛС.

Во однос на оваа точка присутните го разгледаа доставениот предлог на документот Систематизирани ставови кој претходно е доставен на разгледување до сите општини, и по кој немаше пристигнато забелешки и предлози.

Поради краткиот период од почетокот на мандатот на сегашниот состав на градоначалници, потребно е овој документ подетално да се преработи и да се опфатат и други прашања кои не се составен дел од овој документ а се од значење за локалната самоуправа па од тие причини беше предложено да се формира работна група составена од членови од Управен одбор кои детално ќе го преработат овој документ. Во однос на рокови, беше предложено групата да го изготви предлог документот до крај на јануари 2018, потоа истото да се достави на разгледување до општините со рок до 20 февруари и потоа да се усвои од УО на ЗЕЛС.

**Заклучок: Се формира работна група за изработка на предлог документ Систематизирани ставови на ЗЕЛС, во состав**

1. **Аце Коцевски, Градоначалник на општина Велес**
2. **Фатмир Дехари, Градоначалник на општина Кичево**

3. **Теута Арифи, Градоначалник на општина Тетово**
4. **Максим Димитриевски Градоначаник на општина Куманово**
5. **Жика Стојановски, Градоначаник на општина Илинден**
6. **Душица Перишиќ, Извршен Директор на ЗЕЛС**

ТОЧКА РАЗНО:

1.Разгледување на предложените мерки од Извештајот за Doing Business 2018

Во однос на предложените мерки, посебно во однос на мерката за утврдување на можноста за укинување на надоместокот за уредување на градежно земјиште (комуналии) за објекти со намена лесна индустрија, сервиси и стоваришта, Управниот одбор констатираше дека општините се наоѓаат во доволно тешка финансиска состојба со оглед на малиот обем на изворни приходи кои се недоволни за развојни проекти од поголем обем. Со откажувањето од приходите од комуналии за лесна индустрија, складишта и стоваришта, општините ќе бидат доведени во состојба да стимулираат друг вид на градби за да може да ги надокнадат пропуштените приходи. Исто така, откажувањето на дел од зафаќањата кон обврзниците по било кој основ не смее да се бара од делот на приходите на општините со оглед на нивната финансиска положба. Оттука, ЗЕЛС бара од Министерството за финансии како изготвувач на информацијата и предлог – мерките по извештајот на Дуинг Бизнис на Светска Банка, а во соработка со Министерствто а транспорт и врски како орган надлежен за работите поврзани со градењето, да ја повлече оваа предлог – мерка со што нема да се задира во приходите на општините се до моментот кога ќе се обезбедат алтернативни извори на приходи на општините во Републиката.

2. Одлука за овластување на потписници на сметката на ЗЕЛС во Комерцијална банка

Во однос на оваа точка членовите се согласни за овластувањето.

3. Состојби во општините во однос на спортот

   Во неколку општини, во клубови за професионален спорт општината се јавува како главен акционер и општините се соочуваат со висок одлив на средства по овој основ. Беше побарано да се изгради унифициран став и пристап во однос на растеретување на општините од ваквите одливи на средства.

4. Состојби со легализирање на бесправно изградените објекти

Во однос на оваа точка се изрази незадоволство што овој клучен Закон за општините во фазата кога се изготвувал текстот за изменување и дополнување на законот за бесправно изградените објекти не е доставен до ЗЕЛС за да може во консултација со општините да изгради свој став и мислење кое ќе му помогне на Министерството за транспорт и врски како овластен предлагач да утврди соодветен предлог на овој Закон. Прашањето за

легализација на бесправно изградените објекти, нивното идно вклопување во урбанистичко – планската документација, како и високиот расход на општините во Републиката поради експропријација на легализирани објекти кои се наоѓаат на земјиште предвидено за изградба на инфраструктурни објекти, претставува многу голем проблем за општините. Потребен е усогласен начин на докажување на периодот на изградба на бесправниот објект, односно веродостоен доказ дали истиот е изграден до 1 септември 2011 година како што тоа е утврдено со закон.  Членовите на УО заклучија ЗЕЛС писмено да се обрати до Министерството за транспорт и врски за да го достави предлог законот на разгледување

**Скопје, 26 ноември, 2017 г.** **Составил,**

**Стручната служба на ЗЕЛС**